Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - ОПШТИНА КИЧЕВО
R. E MAQEDONISË SË VERIUT - KOMUNA E KËRÇOVËS
Бр.: / Nr.: 17 - 1850/1
22.04 2026 год. / viti
КИЧЕВО - KËRÇOVË

**ОПШТИНА КИЧЕВО**

Врз основа на Програмата за активностите на Општина Кичево во областа на Спортот и Рекреацијата во 2026 год.(Службен Гласник бр. 1/2026), Општина Кичево објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За прибирање на барања за користење средства од Буџетот на Општина Кичево за 2026 година, наменети за поддршка на спортски здруженија и екипи

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Кичево за 2026 година,согласно Програмата од областа на спортот и рекреацијата бр. 08-453/9 од год. 29.01.2026, средства наменети за финансирање на програмски активности на спортски здруженија и екипи ќе се врши врз основа на критериумите и приоритетите дадени во овој повик.

1. **Видот на проектите кои ќе бидат поддржани**

Средствата од Буџетот на Општина Кичево ќе се користат за финансирање на програмски активности на спортски здруженија и екипи, за проекти од следниве категории:

Компонента I

Поддршка на проекти и активности за подигање на нивото на екипните спортови; поддршка на проекти за подигање на нивото на боречките спортови; подршка на спортските школи; проекти кои влијаат кон подигање на свеста за интегриран спорт меѓу заедниците.

Компонента II.1 и II.6

Организирање на кампањи за потенцирање на здравиот живот и здравиот начин на живеење;

Организирање на традиционални спортски активности

**2. Предвидени средства**

За финансирање на понудените програмски активности, согласно овој повик ќе се користат средства од Буџетот на Општина Кичево за 2026 година, во вкупен износ од **5.350.000,00**денари

**I. За поддршка на спортски здруженија и спортски екипи**, преку проекти од следниве приоритетни области:

1. Поддршка на проекти и активности за подигање на нивото на екипните спортови на територија на Општина Кичево
2. Поддршка на проекти за подигање на нивото на боречките спортови на територија на Општина Кичево
3.Поддршка за спортските школи
4. Подигање на свеста за интегриран спорт меѓу заедницитена територија на Општина Кичево.

**II. За подршка на спортисти и други активности за спорт и рекреација.**

1. Организирање на кампањи за потенцирање на здравиот живот и здравиот начин на живеење;
2. Организирање на традиционални спортски активности

**3. Доставување извештај**

Спортските здруженија и екипи на кои ќе им бидат доделени средства согласно Програмата за спорт  и рекреација, по завршувањето на своите програмски активности ќе достават извештај за користење на средствата до Секторот за финансии на Општина Кичево и Комисијата за Спорт.

**4. Основни организациски критериуми**

Основни организацис кикритериуми кои треба да ги исполнуваат спортските здруженија и екипи кои ќе учествуваат на овој повик се:

- Капацитет на организацијата
- Релевантност на акцијата
- Ефекти во средината
- Оддржливост на проектот
- Сопствено учество во кофинансирање (со време,опрема,човечки ресурси)
- Конзистентност на проектот (цели,активности,резултати,буџет)
- Прецизна поделба на улогите на партнерите
- Субјектите мора да делуваат на територијата на Општина Кичево.

**5.Потребна документација која здружението/екипата треба да ја достави кон Пријавата за финансиска поддршка на здруженија на граѓании екипи**

Здруженијата и фондациите кои учествуваат на огласот треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка;
2. Буџет апликација
3. Решение за регистрација на здружението или екипата;
4.Копиа од трансакциска сметка
5. Извештај за добиените средства од Буџетот на Општина Кичево во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација (доколку здружението била корисник на средства доделени од Буџетот на Општина Кичево за 2025 година);

Здруженијата на граѓани можат да поднесат само една пријава за финасиска подршка за проект или манифестација.

**Напомена:**

**1.Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат!Доставените прилози не се враќаат.**

**2.Пријавите кој ќе бидат потполнети рачно нема да се разгледуваат.**

**3. Доколку добиете финансиски средства од буџетот на општина КИЧЕВО, имате обврска на сите материјали (печатени и електронски) што ќе бидат продуцирани во рамките на спортската манифестација/настан,проект од областа на спортот на видно место да стои:**

**Поддржано од**
**Општина КИЧЕВО**

**6.Предлог за финансиска подршка до Градоначалникот дава комисијата составена за спроведување на Јавниот Оглас.**
**Решението на Градоначалникот е КОНЕЧНО**

**7. Спортските здруженија и екипи имат право да аплицират со 1 проjект.**

**8. Рок и начин на доставување на пријавите**
Рокот за поднесување на пријавите е до: **15.05.2026** год.

Пријавата со целокупната документација да се достави преку во архивата на Општината од 08:00 до 16:00 часот, со назнака–За поддршка на спортски здруженија и екипи за 2026 година.
Спортските здруженија и екипи, учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите кои ќе им бидат доставени во адресите на истите.Називите на спортските здруженија и екипи кои добиле средства за проектите и активностите ќе бидат објавени на вебстраната на Општина Кичево.Пријавите за финансиска поддршка на спортските здруженија и екипи и Формуларот за предлог–проект и активности ке можат да се подигнат од интернет страната на Општина Кичево: web.kıcevo.gov.mk

Изготвил: Валдет Селими

Членови:
Претседател:
Дарко Белески
Член:
1. Валдет Селими
2. Даниел Ѓурчиноски

**ОПШТИНА КИЧЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Јованоски**